ДО

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА
ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА
„ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП

# ИЗВЕШТАЈ ПОДНЕСЕН ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА „ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО ЗА ДЕЛОВНАТА 2015 ГОДИНА

Неизвршните членови на Одборот на директори на ПИ „ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП, согласно обврските кои произлегуваат од член 480 став 3 од Законот за трговските друштва, го следеа работењето на Друштвото во деловната 2015 година, а особено извештаите за работењето на Одборот на директори на Друштвото и финансиските извештаи и во таа насока го поднесуваат овој извештај за својата работа во изминатата 2015 година.

- **КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ПИ „ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП ЗА ДЕЛОВНАТА 2015 ГОДИНА**

Неизвршните членови на Одборот на директори на ПИ „ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП, во согласност со своите законски и статутарни надлежности, континуирано го следеа финансиското работење на Друштвото и делувајќи во согласност со системот за внатрешна контрола и процедури го заклучија следното:

**- Контроли и процедури**

Менаџментот на Друштвото изврши оцена на ефикасноста на процедурите и контролите за обелоденување, заклучно со 31.12.2015 година и констатира дека таквите контроли и процедури се ефективни и ефикасни, во согласност со законската регулатива. Неизвршните членови на Одборот на директори на ПИ „ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП потврдуваат дека при внатрешната контрола на финансиските извештаи за годината која заврши не беа променети критериумите за контрола, кои влијаеа или можеа да влијаат на материјалните аспекти на спроведената внатрешна контрола на финансиските извештаи.

**- Годишен извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за внатрешната контрола на финансиските извештаи**

По спроведена интерна контрола од страна на неизвршните членови на Одборот на директори на ПИ „ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП, беше констатирано следното:

- Неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото се одговорни за воспоставување и одржување на адекватна внатрешна контрола на финансиското известување на ПИ „ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП. Внатрешната контрола на финансиското известување е процес дизајниран со цел обезбедување респектибилна гаранција во врска со точноста на финансиското известување и подготовка на финансиските извештаи за целите на надворешното известување, а во согласност со прифатените сметководствени стандарди во Република Македонија. Контролата од страна на неизвршните членови на Одборот на директори е во насока на постојано следење на финансиската политика на Друштвото, со посебен

акцент на ликвидноста на Друштвото, среднорочно и долгорочно планирање на финансиските текови и постојана грижа за раст и развој на Друштвото.

- За годината која што заврши на 31.12.2015 година, неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на финансиските извештаи, како и на ревидираните финансиски извештаи и утврдија дека финансиските извештаи објективно ја претставуваат финансиската состојба, во сите значајни аспекти од работењето на фирмата. Неизвршните членови на Одборот на директори констатираа дека воспоставениот систем за внатрешна конторола за финансиското известување и финансиските извештаи даваат реален приказ на состојбите без материјални слабости, за годината која заврши на 31.12.2015 година.

Неизвршните членови ја проверија годишната сметка и консолидираната годишна сметка и констатираа дека истите се изготвени согласно со Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување. Во годишната сметка и консолидираната годишна сметка објективно, транспарентно се презентирани и обелоденети сите податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка на Друштвото за деловната година.

Притоа, се констатира дека годишната сметка и финансиските извештаи за 2015 година содржат идентични податоци за сите аспекти определени со закон.

- Грант Торнтон ДОО Скопје, овластен ревизор, назначен за вршење ревизија на финансиските извештаи на ПИ „ВИТАМИНКА" АД ПРИЛЕП за годината која заврши на 31.12.2015 година, изработи Извештај со кој се потврдува реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ПИ „ВИТАМИНКА" АД ПРИЛЕП.

Во Извештајот и мислењето на независниот ревизор „Грант Торнтон" ДОО Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи и годишната сметка за 2015 година, се констатира дека финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи, годишната сметка и консолидираната годишна сметка за работењето на Друштвото во деловната 2015 година, се презентирани објективно, вистинито и транспарентно од сите аспекти и ревизорот во извршувањето на ревизијата ја имал на увид потребната документација.

Мислењето на ревизорот е дека финансиската состојба заклучно со 31.12.2015 година, како и паричните текови се во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско работење, прифатени и објавени во Република Македонија.

*Неизвршните членови го разгледаа ревизорскиот извештај и оценија дека ревизијата е успешна и целосна, мислењето на овластениот ревизор е во согласност со состојбите во Друштвото, книговодствената евиденција е водена во согласност со законот, а резултатите од работењето одговараат на изнесените состојби во финансиските и книговодствените евиденции на Друштвото.*

- Во согласност со членовите 415-а до 415-г од Законот за трговските друштва, Службата за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до Одборот на директори, односно до неизвршните членови. Во секој случај, согласно со членот 415-в став 4 од ЗТД, неизвршните членови се должни да го достават годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија до Собранието на друштвото. Но, пред да го достават овој извештај до Собранието, неизвршните членови на ОД имаат обврска да го разгледаат извештајот и да се произнесат по истиот.

При контролата неизвршните членови на Одборот на директори констатираа дека Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2015 год. (со арх.бр. 20-181/1 од 03.02.2016 год.) е навремено изработен од страна на раководителот на Службата за внатрешна ревизија.

Притоа, се констатира дека Извештајот (со арх.бр. 20-181/1 од 03.02.2016 год.) ги содржи сите потребни елементи, а согласно со членот 415-в ставови 2 и 3 од ЗТД, односно во тој извештај објективно се презентирани сите неопходни податоци и факти поврзани со работењето на Друштвото, како и на Службата за внатрешна ревизија, а кои се во нејзиниот домен на работа.

Дополнително, неизвршните членови на Одборот на директори го разгледаа и одобрија и Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за тековната година (со арх.бр. 20-136/1 од 27.01.2016 год.).

- Предлог одлуката за распределба на нето добивката за 2015 година беше разгледана од страна на неизвршните членови на Одборот на директори, а во согласност со членот 480 од Законот за трговските друштва. Нераспределената добивка ќе биде предмет на сметководственото третирање и распределување согласно со одлуките на претстојното Годишно Собрание на акционери.

**- Заклучок**

**Во согласност со членот 480 од Законот за трговските друштва, неизвршните членови на Одборот на директори ги разгледаа следните материјали: Годишната сметка за 2015 година, Финансиските извештаи за 2015 година, Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2015 година, Ревизорските извештаи за 2015 година, Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2015 година, Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2015 год. и Предлог Одлуката за распределба на добивката за 2015 година, кои треба да се проследат на усвојување на Годишното Собрание на акционери на Друштвото и констатираа дека истите се објективни, вистинити, транспарентни и во согласност со интересите на Друштвото и акционерите.**

**Врз основа на наведеното, а согласно со ставот 3 од членот 480 од ЗТД, неизвршните членови на Одборот на директори на П.И.„Витаминка" АД - Прилеп му предлагаат на Собранието на акционери на П.И.„Витаминка" АД - Прилеп да ги усвои наведените материјали/документи.**

**Неизвршни челенови на Одборот на директори**
**на ПИ „ВИТАМИНКА" АД ПРИЛЕП**

**Симон Наумоски- Претседател**

____________________

**Благоја Ѓорѓијовски**

____________________

**Ѓорѓи Манчески**

____________________

**Сашко Самарџиоски**

____________________